спец. Лидија Черепнал-ковска
орд: „Промедика медикал центар“





# Проверете крвна група

**ПРАШАЊЕ: Имам 18 години, пред 5 месеци абортирав во десеттата недела. Потоа дознав дека ако сум негативна крвна група и ако не примам некаква инјекција, не ќе можам пак да останам бремена. Јас не знам која група сум и не примив таква инјекција, туку инјекција за да не крвавам (а крвавев). Каква е таа инјекција што ја примив и какви ми се шансите пак да можам да останам бремена?**



**ОДГОВОР:** Прво препорачувам итно да проверите која крвна група сте. Тоа е многу битно да го знаете за Вас лично. Потоа ако сте Rh+, не треба да примате никакви инјекции. Но ако се утврди дека сте Rh-, тогаш се преземаат соодветни мерки.

Ако сте Rh-, а претходната бременост не сте примиле „партобулин“, тогаш може да се појават проблеми во наредната бременост ако при претходната се создале антитела.

Но не е никаков проблем да се остане бремена ако не сте ја примиле инјекцијата.

Пред да планирате наредна бременост, Ве советувам да се консултирате со матичниот гинеколог што да направите или слободно побарајте ме. Нагласувам дека е неопходно да ја проверите крвната група.

